| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните од далечните краишта |
| **Содржина на денот** | Музичко ритмичка игра |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор зошто треба и како треба правилно да се грижиме за нашето здравје |
| **Активности** | Активноста започнете ја со запознавање на орфови инструменти, (може да им ги покажете на слика од интернет. (слика 1 и 1.1)<br>Именувајте и препознајте ги инструментите што ќе ги забележите на сликите.<br>Како предлог за активност со Вашето дете и со останатите членови од семејството, играјте музичко ритмичка игра.<br>Еден член од семејството нека се сокрие позади некој објект во домот, претходно одбира детски музички инструмент и од скриеното место свири на него, детето и останатите членови треба да се обидат да погодат од кој инструмент се свири. Потоа сменете ги улогите, се додека поминат сите членови од семејството т.е. тие што учествуваат во играта.<br>Искажете ја вашата креативност, заедно со детето изработете музички инструменти од мали кутии,пластични лажички,дрвени јајца,пластично од киндер јајце и наполнете ги со различни семиња што ги имате дома (ориз,пченица,леќа,грав...),понудете му на детето различен ликовен материјал за да ги декорира по негова идеа и замисла.<br>Потоа по избор на детето пуштете ја неговата омилена песна и направете мини оркестар, со тоа што ќе ја подржувате со изработените музички инструменти (слика 2, 2.1 и 2.2) |